Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на ЕЛС М.Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019), Градоначалникот на ЕЛС М.Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на барање на СОУ „Миле Јаневски Џингар” Македонска Каменица за изведување на настава со физичко присуство на учениците за учебната 2020/2021 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09-1402/1** **Градоначалник**
**09.09.2020 г.** **Соња Стаменкова с.р**
**М.Каменица**

Врз основа на Протокол за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно - образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година од Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 62/20, 63/20, 64/20, 66/20, 70/20, 72/20, 92/20, 100/20, 107/20, 109/20, 119/20, 123/20, 125/20, 126/20, 134/20, 136/20, 140/20, 147/20, 153/20, 154/20, 156/20, 157/20, 163/20, 166/20, 169/20, 170/20, 175/20, 180/20, 181/20, 185/20, 190/20, 195/20, 201/20, 204/20, 208/20, 212/20 и 215/20 ), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019), Советот на општина Македонска Каменица на 36та седница одржана на ден 09.09.2020 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на барање на СОУ „Миле Јаневски Џингар” Македонска Каменица за изведување на настава со физичко присуство на учениците за учебната 2020/2021 година.**

**Член 1**

Советот на општина Македонска Каменица го усвои барањето на СОУ „Миле Јаневски Џингар” Македонска Каменица заведено под бр. 08-177/1 од 07.09.2020 година за изведување на настава со физичко присуство на учениците во СОУ „Миле Јаневски Џингар” Македонска Каменица за учебната 2020/2021 година.

Барањето на СОУ „Миле Јаневски Џингар” Македонска Каменица е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Наставата ќе се изведува со најмногу 20 (дваесет) ученици во училница и обезбедено физичко растојание од 1,5 метри помеѓу учениците и наставникот и учениците согласно Протокол за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година и Планот за одржување на наставата во основните и стредните училишта во учебната 2020/2021 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.08-1403/1**
**09.09.2020 г.**
**М.Каменица**

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Иван Кузмановски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на ЕЛС М.Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019), Градоначалникот на ЕЛС М.Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на барање на ООУ „Св.Кирил и Методиј” Македонска Каменица за изведување на настава со физичко присуство на учениците од прво до деветто одделение за учебната 2020/2021 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица**“.**

**Бр.09-1404/1**
**09.09.2020 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**Соња Стаменкова с.р**

Врз основа на Протокол за постапување на основите училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно - образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година од Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 62/20, 63/20, 64/20, 66/20, 70/20, 72/20, 92/20, 100/20, 107/20, 109/20, 119/20, 123/20, 125/20, 126/20, 134/20, 136/20, 140/20, 147/20, 153/20, 154/20, 156/20, 157/20, 163/20, 166/20, 169/20, 170/20, 175/20, 180/20, 181/20, 185/20, 190/20, 195/20, 201/20, 204/20, 208/20, 212/20 и 215/20 ), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019), Советот на општина Македонска Каменица на 36$^{\text{та}}$ седница одржана на ден 09.09.2020 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на барање на СОУ „Св.Кирил и Методиј” Македонска Каменица за изведување на настава со физичко присуство на учениците за учебната 2020/2021 година**

**Член 1**

Советот на општина Македонска Каменица го усвои барањето на ООУ „Св.Кирил и Методиј” Македонска Каменица заведено под бр.03-325/1 од 07.09.2020 година за изведување на настава со физичко присуство на учениците во ООУ „Св.Кирил и Методиј” Македонска Каменица од прво до деветто одделение за учебната 2020/2021 година е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Наставата ќе се изведува со најмногу 20 (дваесет) ученици во училница и обезбедено физичко растојание од 1,5 метри помеѓу учениците и наставникот и учениците согласно Протокол за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година и Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.08-1405/1**
**09.09.2020 г.**
**М.Каменица**

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Иван Кузмановски с.р**

# С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на барање на СОУ „Миле Јаневски Џингар” Македонска Каменица за изведување на настава со физичко присуство на учениците за учебната 2020/2021 година...........................................стр.1

2. Одлука за усвојување на барање на СОУ „Миле Јаневски Џингар” Македонска Каменица за изведување на настава со физичко присуство на учениците за учебната 2020/2021 година.........................................................................................стр.1-2

3. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на барање на ООУ„Св.Кирил и Методиј” Македонска Каменица за изведување на настава со физичко присуство на учениците од прво до деветто одделение за учебната 2020/2021година. .............стр.2

4. Одлука за усвојување на барање на ООУ„Св.Кирил и Методиј” Македонска Каменица за изведување на настава со физичко присуство на учениците од прво до деветто одделение за учебната 2020/2021 година. .............................................................стр.3

5. Содржина…………………………………………………………………………..............стр.4